

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ЕУ ЦЕНТАР

# *ЕУ ВЕСТИ*

***октомври/ноември***
***2022 година***
***ЕУЦ-број 77/2022***

## ПАКЕТ ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА 2022




**Содржина на вести:**



| | |
|---|---|
| Пакет за проширување на Европската комисија 2022 | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Награда Сахаров на Европскиот парламент | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Пакет за енергетска поддршка на Западен Балкан | 6 |
| Програма на Европската комисија за 2023 година | 6 |
| Потпишан договорот за ФРОНТЕКС | 7 |
| Директива за родова застапеност во ЕУ | 7 |
| Нова регулатива за транспарентност на странските медиуми | 8 |
| Проект за одржлива енергија во Дижон | 8 |
| Реформа на фискалните правила на ЕУ | 9 |
| Нова зелена обврзница на Европската комисија | 9 |
| Зајакнување на синџирите за снабдување на ИКТ | 10 |
| 5 години Европски столб за социјални права | 10 |
| Како се користеше интернетот во 2021 година | 11 |
| ЕУ календар / декември 2022 | 11 |



Европската комисија на 12 октомври, годинава, го усвои и го презентираше Пакетот за проширување за 2022 година, придружен со извештаите за земјите од процесот. Пакетот содржи детаљна проценка на состојбата и напредокот постигнат одделно кај земјите од Западен Балкан и Турција во нивниот пат кон ЕУ, со посебен фокус на спроведувањето на клучните реформи и јасни насоки за претстојните реформски приоритети.

„Политиката за проширување е геостратешка инвестиција во мир, стабилност, безбедност и социоекономски раст на европскиот континент. Извештаите даваат фактичка и фер проценка и јасен патоказ за забрзување и продлабочување на реформите кај нашите партнери. Во наш заеднички интерес е да се забрза процесот на интеграција, почнувајќи од Западен Балкан“, истакна европскиот комесар за соседство и проширување, Оливер Вархеји.

Одржувањето на првата Меѓувладина конференција во јули 2022 година беше историски момент и означи нова фаза во процесот на пристапување на Северна Македонија во ЕУ. Потребно е дополнително интензивирање на напорите во клучните области на владеењето на правото, борбата против корупцијата и борбата против организираниот криминал.

Северна Македонија продолжи со напорите за зајакнување на демократијата и владеењето на правото.

Собранието усвои заклучоци за предлогот што го отвори патот за отворање на пристапните преговори и треба да игра активна и позитивна улога во процесот на преговори за пристапување во ЕУ. Парламентот и Владата се обврзаа да започнат и приоритетно да ги постигнат релевантните уставни измени, со цел во Уставот да се вклучат и граѓаните кои живеат во границите на државата.

Граѓанското општество продолжи да игра важна улога во процесите на донесување одлуки и во следењето на активностите на државата.

Европската комисија нотира дека земјата одржува добри односи со другите земји од проширувањето и продолжи да се ангажира во регионалните иницијативи.

Во 2021 година, економијата во голема мера закрепна од пандемијата Ковид-19. Владата продолжи да спроведува мерки за фискална поддршка за да го помогне закрепнувањето. Со забрзувањето на растот на цените на храната и на енергијата на почетокот на 2022 година, Владата усвои нов сет фискални мерки за да го спречи негативното влијание врз економијата.

На 26 октомври, годинава, Северна Македонија го потпиша Договорот за оперативна соработка во управувањето со границите со Европската агенција за гранична и крајбрежна стража (Фронтекс).

https://ec.europa.eu

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

***Пленарна сесија октомври 2022 година***

Со цел да се создаде средина целосно ослободена од токсини и вистинска кружна економија, европратениците се согласија да воведат построги ограничувања за постојаните органски загадувачи. На пленарната сесија со 534 гласа беа усвоени новите правила за постојаните органски загадувачи (ПОП) и начинот на управување со отпадот што го содржи.

Новото законодавство, одобрено со 592 гласа ги поедноставува правилата за земјите-членки да користат фондови за кохезиска политика за справување со миграциските и инвестициските предизвици предизвикани од руската агресија во Украина.

Европратениците ја предупредија Европската комисија да ги заштити финансиските интереси на ЕУ во Унгарија. „Ова е првпат механизмот за владеење на правото да се активира и бара од земјите-членки да се однесуваат внимателно кон него“, истакна министерот за ЕУ прашања, Микулаш Бек, отворајќи ја дебатата во име на чешкото претседателство.

Европарламентот одобри нови мерки за зајакнување на капацитетот на ЕУ за спречување и контрола на појавата на заразни болести и справување со прекуграничните здравствени закани. Европратениците го поддржаа договорот постигнат со Советот за продолжување на мандатот на Европскиот центар за превенција и контрола на болести (ЕЦДЦ) со 542 гласа. Со 544 гласа европратениците го усвоија Договорот за низа мерки, што ќе ѝ овозможат на ЕУ подобро да ги предвиди и одговори на сериозните прекугранични здравствени закани. Новите правила вклучуваат подобрено планирање превенција, подготвеност и одговор на ниво на ЕУ и на национално ниво.

До крајот на 2024 година сите мобилни телефони, таблети и фотоапарати што се продаваат во ЕУ ќе мора да бидат опремени со приклучок за полнење USB Type-C. Од пролетта 2026 година, обврската ќе се прошири и на лаптопите. Новиот закон, усвоен со 602 гласа е дел од пошироките напори на ЕУ за намалување на е-отпадот и за зајакнување на потрошувачите да прават поодржливи избори.

На пленарната сесија ЕП усвои збир на препораки насочени кон подобрување на состојбата на ромските населби во ЕУ. Во препораките се повикува на краткорочни и долгорочни стратегии поддржани со доволно ЕУ и национално финансирање, особено Европскиот социјален фонд плус (ЕСФ+), Европскиот фонд за регионален развој (ЕРДФ) и националните планови за закрепнување и отпорност.

Европскиот парламент се залага за повеќе итни мерки за да се намали притисокот од брзото зголемување на цените на енергијата врз европските домаќинства и бизниси. Европратениците инсистираат дека сите иницијативи усвоени на ниво на ЕУ мора да бидат целосно компатибилни со климатските цели на Европската Унија на долг рок.

На вториот дел од октомвриската пленарна сесија на ЕП беше одбележан Меѓународниот ден за искоренување на сиромаштијата. Многу луѓе сè уште немаат пристап до храна, вода, облека, засолниште, образование или до здравствена заштита, истакна претседателката Мецола и укажа дека Европарламентот треба да изнајде начин да се спротивстави на тоа.

Чешкото претседателство со Советот и Европската комисија ги истакнаа веќе преземените мерки за обезбедување алтернативни извори на снабдување со енергија, намалување на побарувачката за енергија и решавање на високите пазарни цени на електричната енергија и на гасот.

Во усвоената резолуција, со 547 гласа европратениците истакнаа дека Советот треба да донесе одлука за пристапување на Романија и Бугарија во Шенген зоната за слободно движење до крајот на 2022 година.

Европратениците со 345 гласа одбија да ги прекинат буџетите за 2020 година за Европската агенција за гранична и крајбрежна стража (Фронтекс) и за Советот. Во пленарната дебата со потпретседателот на Европската комисија, Маргаритис Шинас, европратениците побараа поголема амбиција на ЕУ во сајбер безбедноста и во заштитата на критичната инфраструктура.

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ



***Пленарна сесија ноември 2022 година***

На отворањето на ноемвриската пленарна сесија на ЕП, претседателката Мецола истакна дека годишнината од падот на Берлинскиот ѕид на 9 ноември 1989 година нè потсетува на важноста на борбата за слобода, единство и демократија.

Европратениците со 598 гласа дадоа зелено светло за новиот закон на ЕУ, со кој се гарантира дека странските субвенции доделени од земји кои не се членки на ЕУ не го нарушуваат внатрешниот пазар.

Директивата за известување за корпоративна одржливост (CSRD), усвоена со 525 гласа, ќе ги направи бизнисите јавно поодговорни со тоа што ќе ги обврзе редовно да објавуваат информации за нивното општествено и влијанието врз животната средина.

Европратениците се согласија за вклучување на мерките REPowerEU во националните планови за обновување за поддршка на независноста од руските фосилни горива и забрзување на зелената транзиција.

На церемонијата во хемициклот во Стразбур, европратениците го одбележаа создавањето на Заедничкото собрание на Европската заедница за јаглен и челик во 1952 година, претходник на ЕП. „Европскиот парламент стана единствениот директно избран, повеќејазичен, повеќепартиски транснационален парламент во светот. Нејзините 705 директно избрани членови се израз на европското јавно мислење (...). Денес повеќе од кога било – овој Дом се залага за поддршка на демократскиот глас на граѓаните и на демократските европски вредности“, истакна Мецола.

Усвојувањето на таканаречената директива „Жени на одбори“ доаѓа десет години по првиот предлог. Таа има за цел да воведе транспарентни процедури за вработување во компаниите, така што најмалку 40% од неизвршните директорски места или 33% од сите директорски места ќе бидат заземени од недоволно застапениот пол до крајот на јуни 2026 година.

Европратениците со 440 гласа направија важен чекор кон спроведувањето на амандманот на законот со кој се регулираат приходите на ЕУ, таканаречената „Одлука за сопствени ресурси“ (ORD).

Препораката за новата стратегија за проширување на ЕУ, усвоена од европратениците со 502 гласа, ја повикува ЕУ финансирањето на ЕУ и неговите видливи резултати да ги направи повидливи во земјите од проширувањето. Тие, исто така, сакаат ЕУ да работи на спречување мешање на трета страна во политичките, изборните и другите демократски процеси на овие земји. Известувачот Тонино Пицула (S&D, HR) рече: „Овој дом отсекогаш бил најистакнатиот поддржувач на проширувањето. Со усвојување цврсти препораки за тоа како треба да се спроведува идната политика за проширување, можеме уште еднаш да поставиме тон и стандарди за да ѝ овозможиме на Европската Унија да расте и да напредува. Сакаме да обезбедиме ЕУ да остане заедница на европски држави во развој, отворена за демократии со истомисленици кои ќе ѝ се придружат, споделувајќи заеднички вредности и интереси“.

www.europarl.europa.eu

## НАГРАДА САХАРОВ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ




Европскиот парламент на 19 октомври 2022 година на народот и на претставниците на Украина им ја додели главната награда на Европската Унија за човекови права, за нивниот отпор кон руската инвазија.

Наградата на ЕУ, именувана по советскиот дисидент Андреј Сахаров, беше воведена во 1988 година. Меѓу другите, тие ги издвоија основачот на единицата за медицинска евакуација, Јулија Пајевска, активистката за човекови права, Олександра Матвијчук, движењето на граѓанскиот отпор Жолта лента и градоначалникот на окупираниот Мелитопол, Иван Федоров.

„Тие стојат зад она во што веруваат. Тие се борат за нашите вредности. Тие ја бранат демократијата, слободата и владеењето на правото. Тие ги ризикуваат своите животи за нас. Никој не ја заслужува наградата повеќе од нив. Честитки за храбриот народ на Украина“, напиша на *Твитер* претседателката на Европскиот парламент, Роберта Мецола.

Украинците покажаа издржливост во речиси осуммесечната војна, и покрај зголемените руски напади во последните недели.

https://www.europarl.europa.eu

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



www.sobranie.mk

На 12 октомври 2022 година претседателот на Собранието на Република Северна Макдонија, Талат Џафери, оствари средба со шефот на мисијата на Европската Унија во Република Северна Македонија, Дејвид Гир, кој официјално го предаде Извештајот за напредокот на државата од Европската комисија. Амбасадорот Гир, при презентацијата на Извештајот за напредокот на земјата, го потенцираше делот за Собранието како форум за конструктивен политички дијалог, особено за реформската агенда на ЕУ и како централна институција во која се одвива дебатата на сите политички партии.

На 18 октомври 2022 година Џафери оствари средба со потпретседателката на Владата и министерка за надворешни работи на Република Словенија, Тања Фајон. На средбата Џафери информира за актуелниот процес на скрининг, на кој претходеше процесот на консултации и став на Собранието кон Владата за почитување на идентитетските особености на македонскиот народ и решавањето на билатералните прашања надвор од кластерите во текот на преговорите. Фајон ја потврди личната и државната определба за целосна поддршка на земјата на сите полиња од заемен интерес.





На 24 октомври 2022 година претседателот Џафери оствари средба со претседателката на Домот на пратениците на Парламентот на Чешката Република, Маркета Пекарова-Адамова, на која ја потенцираше заемната соработка меѓу двете земји. На средбата Пекарова-Адамова нагласи дека Чешка е голем поддржувач на ЕУ интеграциите на нашата земја и изрази подготвеност за натамошно продлабочување на соработката помеѓу двете земји.



На маргините на Првиот парламентарен самит на Меѓународната платформа за Крим одржан ан 25 октомври 2022 година, претседателот на Собранието, Талат Џафери, оствари средба со првиот потпретседател на Европскиот парламент, Отмар Карас. Карас ја истакна заедничката работа на Европскиот парламент и Собранието во процесот на дијалогот „Жан Моне“ и во рамките на Програмата за парламентарна поддршка. Двајцата соговорници изразија заемна подготвеност за соработка на двата парламента во процесот на европската интеграција на нашата држава.

Џафери имаше и свое обраќање на парламентарниот самит, во кое истакна дека државата се приклучи кон сите резолуции и иницијативи на ЕУ во однос на ситуацијата во Украина.



## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања на Собранието, на 31 октомври 2022 година одржаа заедничка седница посветена на Извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2022 година. Клучните наоди ги презентираше Н.Е. Дејвид Гир, кој истакна дека Извештајот е еден вид упатство за спроведување на реформите кои ѝ претстојат на земјата. Амбасадорот Гир укажа дека започнувањето на скрининг процесот, состаноците на Мешовитиот парламентарен комитет РСМ - ЕУ, посетата на COELA групата на Собранието, како и потпишувањето на Договорот со ФРОНТЕКС, се позитивни сигнали и важни чекори за врската на земјата со ЕУ. Во дебатата беа покренати прашања во однос на предизвиците во борбата против организираниот криминал и корупција, реформите во правосудството, јавната администрација и тајните служби, потребата за Собраниски календар на активности, за економските состојби и предизвиците со енергетската криза, слободата на изразување, слободата на медиумите и реформите во образованието.



Членовите на Националниот совет за евроинтеграции (НСЕИ) на 16 ноември 2022 година во Собранието оствари средба со Лоранс Бун, државната секретарка надлежна за Европа при Министерството за Европа и за надворешни работи на Француската Република. На средбата присуствуваа и Лилиана Танги од Националното собрание, француската европратеничка Мари-Пјер Верден како и францускиот амбасадор, Сирил Бомгартнер.
Претседателот на НСЕИ, Александар Николоски, во своето обраќање ја потенцира улогата на ова тело, инклузивниот состав и неговото значење во процесот на евроинтеграција. Тој рече дека клучните политички фактори во државата изразуваат неподелена поддршка за членството на земјава во ЕУ, оценувајќи дека тоа, исто така, се рефлектира и преку составот на НСЕИ.





Претседателот на Комисијата за европски прашања, Арбер Адеми, на 13 октомври 2022 година оствари средба со Ермине Лекај Праласка, пратеничка во Хрватскиот сабор. Лекај Праласка истакна дека е избрана пратеничка во Хрватскиот сабор како претставничка на граѓаните од пет етнички заедници, меѓу кои и од албанската, и македонската, и дека во На средбата Адеми истакна дека Северна Македонија е мултиетничка држава и успешен пример на држава во која се почитуваат правата на сите етнички заедници.
Членовите на Комисијата за европски прашања на Собранието на 2.11.2022 година оствари средба со



Луција Путрих, државна министерка за Европа на покраината Хесен, Сојузна Република Германија. „Ние и понатаму ви стоиме на располагање за соработка, за заедно да чекориме по тој пат", истакна Хесен. Адеми потенцира дека Германија е меѓу најголемите трговски партнери на земјава, што значи и голема поддршка за остварување на стратешките цели.
Претседателот на Комисијата за европски прашања на Собранието, Арбер Адеми, на 14 и 15 ноември 2022 година учествуваше на Конференцијата на комисиите за европски прашања—КОСАК, која се одржа во Прага, во рамки на шестмесечното претседавање на Чешка со Советот на ЕУ.



Претседателот и членовите на Комисијата за европски прашања на Собранието на 13 октомври 2022 година оствариja работна средба со претседателката на Националниот совет на Федералниот парламент на Швајцарската Конфедерација, Ирене Келин, во рамките на нејзината официјална посета на Скопје.

## ПАКЕТ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ПОДДРШКА ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН



Во рамки на својата посета на Северна Македонија, на 26 октомври 2022 година претседателката на Европската комисија, Урсула Фон Дер Лајен, истакна дека Европската Унија ќе обезбеди 500 милиони евра за подобрување на енергетската инфраструктура на Западен Балкан. Според Фон Дер Лајен за Република Северна Македонија се предвидени 80 милиони евра директна буџетска поддршка за „помош во справувањето со влијанието на високите цени на енергијата“.
Дел од поддршката е преку заедничко купување гас на светскиот пазар.
Веста делува олеснувачки за многу земји од Западен Балкан, вклучително и Северна Македонија каде домашното производство на електрична енергија задоволува само две третини од годишните потреби на земјата.
Повеќето земји од Западен Балкан, вклучително и Северна Македонија, се во различни фази на преговори за потенцијален влез во ЕУ, при што некои нации се формални кандидати за пристап повеќе од една деценија. Експертите предупредуваат дека закочениот процес на интеграција предизвика растечки евроскептицизам, оставајќи простор за зголемување на руското влијание во регионот.
Посетата го одбележа второто патување на фон дер Лајен во Скопје годинава. Во јули таа се обрати во Собранието во пресрет на формалниот почеток на преговорите меѓу Северна Македонија и ЕУ.

https://www.euractiv.com

## ПРОГРАМА НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА 2023 ГОДИНА




На 18 октомври 2022 година Европската комисија ја усвои својата програма за работа за 2023 година. Таа поставува агенда за одговор на актуелниот сет на кризи кои влијаат на секојдневниот живот на Европејците. Комисијата има за цел поддршка на луѓето и на бизнисите преку намалување на цените на енергијата, обезбедување резерви клучни за индустриската конкурентност и безбедност на храната или преку зајакнување на нашата социјална пазарна економија.
Програмата за работа на Комисијата содржи 43 нови политички иницијативи во сите шест главни амбиции на политичките насоки на претседателката Фон дер Лајен, врз основа на нејзиниот говор и писмо за намери за состојбата на Унијата од 2022 година.
Шесте клучни амбиции т.е. шесте водечки иницијативи се: европскиот Зелен договор, Европа погодна за дигиталната ера, економија која работи за луѓето, посилна Европа во светот, промовирање европски начин на живот и нов притисок за европска демократија.
Многу од клучните иницијативи во оваа работна програма ги следат резултатите од Конференцијата за иднината на Европа. Дополнително, новата генерација граѓански панели ќе биде дел од креирањето политики на Комисијата во одредени клучни области. Првите граѓански панели ќе ги обработуваат прашањата за отпадот од храна, мобилноста на учењето и виртуелните светови.
Работната програма на Комисијата за 2023 година е резултат на блиската соработка со Европскиот парламент, земјите-членки и со консултативните тела на ЕУ.

https://ec.europa.eu

## ПОТПИШАН ДОГОВОРОТ ЗА ФРОНТЕКС



Европската Унија и Северна Македонија на 26 октомври 2022 година потпишаа договор за оперативна соработка во управувањето со границите со Европската агенција за гранична и крајбрежна стража (Фронтекс). Во присуство на претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен и премиерот на Северна Македонија, Димитар Ковачевски, договорот го потпишаа комесарката за внатрешни работи, Илва Јохансон и чешкиот амбасадор во Северна Македонија, Јарослав Лудва, кој го претставува чешкото претседателство со Советот - во име на ЕУ, и министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски, во име на Северна Македонија.
Зајакнатата оперативна соработка меѓу партнерите од Западен Балкан и Фронтекс ќе придонесе за справување со нерегуларната миграција и дополнително ќе ја зајакне безбедноста на надворешните граници на ЕУ. Фронтекс веќе распоредува околу 300 офицери во регионот, вклучително и преку заеднички операции на надворешните граници на Унијата со Албанија, Црна Гора и со Србија. За да се обезбеди спроведување на договорот, ќе се договори оперативен план директно меѓу Фронтекс и националните власти на Северна Македонија. Тоа ќе овозможи Фронтекс да помага на Северна Македонија во управувањето со границите, да врши заеднички операции и да распореди персонал и на границата со ЕУ, како и на границите на соседните партнери од Западен Балкан. Ова ќе помогне да се одговори на зголемената нерегуларна миграција и прекуграничен криминал.
Откако договорот ќе стапи во сила, членовите на Постојаниот корпус на Европската гранична и крајбрежна стража може да бидат распоредени во Северна Македонија, под услов да се договори оперативен план меѓу Фронтекс и граничните служби на Северна Македонија.

https://ec.europa.eu

## ДИРЕКТИВА ЗА РОДОВА ЗАСТАПЕНОСТ ВО ЕУ




Советот на ЕУ даде зелено светло за директивата за родова застапеност во одборите на компаниите.
„Со ова ЕУ смета дека ќе се отстранат пречките за жените во нивните кариери“, изјави чешкиот заменик-премиер, Мариан Јуречка.
Директивата, која е предложена од Европската комисија предвидува дека најмалку 40% од позициите на неизвршни директори треба да бидат пополнети од страна на полот што е најмалку застапен до 2026. За позиции на извршни и неизвршни директори во одборите – целта е 33% до 2026.
Компаниите засегнати од директивата, исто така, ќе имаат обврска да го поправат системот на селекција на кандидати преку транспарентни механизми и процедури и преку неутрални критериуми. Кога двајца кандидати се еднакви во квалификациите, мора да се даде предност на полот што е најмалку застапен, се вели во директивата.
Земјите-членки мора директивата да ја транспонираат во националното законодавство во рок од две години; тие треба и да објават список на компаниите кои ги постигнале целите од 40 и 33%.
Европскиот парламент треба да ја усвои оваа директива, а ќе стапи на сила 20-тиот ден по нејзиното објавување во Службениот весник на Европската Унија.
Еднаш годишно компаниите мора да даваат информации за родовата застапеност во нивните одбори и за мерките што ги преземаат за да се постигне целта од 33 или 40%. Земјите-членки ќе објавуваат листа на компании кои ги постигнале целите на директивата, исто така, на годишна основа.

https://www.consilium.europa.eu

## НОВА РЕГУЛАТИВА ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА СТРАНСКИТЕ МЕДИУМИ



Европската комисија планира на почетокот на следната година да донесе ново законодавство насочено кон странските актери и влијанието во европската медиумска сфера.
Новите правила ќе се однесуваат на зголемување на транспарентноста на странските организации кои работат во медиумската мрежа на ЕУ.
Во Европа и пошироко, нападите врз демократските институции и фундаменталните права се шират побрзо од кога и да било, а ширењето на дезинформации на социјалните мрежи и другите форми на медиуми беше забележливо за време на пандемијата КОВИД-19 и сега, војната на Русија против Украина.
Во септември, годинава, Комисијата го претстави Европскиот закон за слобода на медиумите, нов сет правила за заштита на медиумскиот плурализам и независност во ЕУ, земајќи ја предвид дигиталната трансформација на медиумскиот простор.
Извршната власт на ЕУ предложи да се формира нов независен Европски одбор за медиумски услуги.
Даниел Браун, заменик-шеф на кабинетот за потпретседателката на Европската комисија, Вера Јоурова, посочи дека новите правила ќе бидат проследени до летото 2023 година. Тој истакна дека Законот за слобода на медиумите е резултат на зголеменото ниво на надзор над новинарите во некои земји-членки, сомнителните спојувања и преземања и потребата од построги правила за транспарентност за сопственоста на медиумите и правична дистрибуција на државното рекламирање.

https://www.euractiv.com

## ПРОЕКТ ЗА ОДРЖЛИВА ЕНЕРГИЈА ВО ДИЖОН



Во Фонтен д'Оуч, француска населба Дижон, на 26 октомври 2022 година градоначалникот на градот, Франсоа Ребсамен, го претстави проектот за соларни панели поставени на покривот на училиштето Буфон, кој произведува 300 MWh/ годишно, како „уникатен во Европа". Дижон, заедно со финскиот град Турку, беше избран за пилот за европската програма RESPONSE, која обединува 53 приватни и јавни партнери од 13 земји. Со сопствен буџет од 23 милиони евра, вклучително и 7,4 милиони евра во Дижон, е дел од 80 милијарди евра паневропска програма „Хоризонт 2020: паметни градови и заедници".
Програмата во Дижон е поделена на два дела: училиштето Буфон и намалувањето на потрошувачката на енергија во 487 локални домаќинства. Панелите на училиштето треба да задоволат приближно 30% од потрошувачката на енергија на 14 административни згради во областа. Севкупно, проектот се обидува да произведе 20% повеќе енергија отколку што троши, а истовремено да ги намали емисиите на јаглерод за 75%.
Новата опрема вклучува опрема вредна околу 1.700 евра, произведена од компанијата OGGA со седиште во Лион, која е специјализирана за паметна домашна опрема, која може да ја приспособи потрошувачката на потребите и на навиките на жителите, на пример исклучување на греењето кога станарот ќе ги исклучи светлата.
Долгорочно, на властите и на партнерите во проектот им требаат две години да ја анализираат првата фаза на распоредување во 102 домови. Овие години на пилотирање на проектот треба да овозможат да се обезбедат придобивките што беа објавени, т.е. намалување од 25% до 30% на сметката за енергија на станот, се остварливи.

https://www.euractiv.com

## РЕФОРМА НА ФИСКАЛНИТЕ ПРАВИЛА НА ЕУ




Европската комисија на 9 ноември 2022 година ја усвои реформата на фискалните правила на ЕУ, оценувајќи дека промените се неопходни поради зголемувањето на јавниот долг во земјите-членки на Европска Унија, што е резултат на мерките за поддршка на домаќинствата и на компаниите за време на пандемијата  Ковид-19.
Реформата предложена од ЕК се оддалечува од сегашната обврска за намалување на годишниот долг доколку е над 60% од бруто-домашниот производ (БДП) и треба да покаже дека владите имаат свои планови за задолжување.
Според потпретседателот на ЕК, Валдис Домбровскис, претстојат нови предизвици како што е зелената и дигиталната транзиција, како и дека се потребни големи промени и инвестиции во следните години за снабдување со енергија.
Тој додаде дека фискалните правила ќе се фокусираат на намалување на долгот таму каде што е висок, врз основа на сопствените планови на земјите-членки, кои мора да ги почитуваат јасните услови на ЕУ.
Досегашните правила беа дел од Пактот за стабилност и раст, усвоен во 1997 година и кој беше подготовка за воведување на еврото како заедничка валута на 1 јануари 1999 година. Целта на тие правила беше да се обезбеди земјите-членки на ЕУ да водат здрава јавна финансиска политика и координација на фискалната политика.
Сепак, тие правила не се почитуваа за време на пандемијата со цел да не се предизвика колапс на европската економија, која мораше да се задолжува за да им помогне на домаќинствата и на бизнисите.

https://ec.europa.eu

## НОВА ЗЕЛЕНА ОБВРЗНИЦА НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА



Европската комисија на 15 ноември 2022 година издаде дополнителни 8,5 милијарди евра, од кои 6 милијарди евра преку зелена обврзница NextGenerationEU за нејзината програма за закрепнување и 2,5 милијарди евра за поддршка на Украина во рамките на програмата за итни случаи на микрофинансиска помош (MFA), што беше предложена по руската инвазија против земјата. Зелената обврзница NextGenerationEU е со рок на доспевање од 10 години, која доспева на 4 февруари 2033 година, а обврзницата MFA со рок на доспевање од 30 години, која доспева на 4 март 2053 година.
Со денешната зелена обврзница, Комисијата издаде вкупно 35,5 милијарди евра зелени обврзници NextGenerationEU за финансирање зелени проекти според плановите за закрепнување и отпорност на земјите-членки на ЕУ.
Комисијата досега има исплатено речиси 136,55 милијарди евра во рамките на обезбедувањето и отпорноста, а од крајот на јуни над 15 милијарди евра според другите програми на ЕУ кои имаат корист од финансирањето на NextGenerationEU. Комисијата ќе продолжи да ги користи собраните средства за поддршка на европското закрепнување по пандемијата, финансирајќи ги земјите-членки во рамките на Програмата за закрепнување и отпорност, како и преку други програми на ЕУ.
Европската комисија се задолжува на меѓународните пазари на капитал во име на Европската Унија и ги исплаќа средствата на земјите-членки и трети земји во рамките на различни програми за задолжување.

https://ec.europa.eu

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СИНЏИРИТЕ НА СНАБДУВАЊЕ НА ИКТ




Како одговор на некои од сајбер нападите и сериите закани на кои се изложени синџирите на снабдување со информатички и комуникациски технологии (ИКТ), земјите-членки на 17 октомври, годинава, ги одобрија заклучоците на Советот на ЕУ, кои придонесуваат за зголемена безбедност на ИКТ средствата на ЕУ. Итниот повик за акција беше поттикнат од тековните геополитички околности, штетната природа на нападите со синџирот на снабдување и од постојаното зголемување на зависноста на нашето општество од дигиталните технологии. Повикот има за цел зајакнување на безбедноста на синџирот на снабдување со ИКТ и претставува прв чекор за справување со заканите од несакани стратешки зависности во синџирите на снабдување со ИКТ.

Заклучоците на Советот содржат конкретни активности за зајакнување на безбедносните аспекти на синџирот на снабдување со ИКТ на постојните инструменти, како што се рамки за проверка на јавните набавки или странски директни инвестиции. Заклучоците дополнително сугерираат користење механизми за поддршка за финансирање градење на безбедна дигитална инфраструктура, зајакнување на заедничкото разбирање и свест и продлабочување на меѓународната соработка за зголемување на безбедноста на синџирот на снабдување со ИКТ во ЕУ и пошироко.

Земјите-членки предлагаат да се стави соодветен акцент на критериумите за селекција поврзани со сајбер безбедноста во процесите на јавни набавки. Тие повикуваат на создавање алатник за ИКТ синџирот на снабдување, што ќе се состои од генерички мерки за намалување на критичните ризици од синџирот на снабдување со ИКТ. Со тоа се олеснува спроведувањето координирани проценки на ризикот на критичните синџири на снабдување според Директивата NIS2.

https://czech-presidency.consilium.europa.eu

## 5 ГОДИНИ ЕВРОПСКИ СТОЛБ ЗА СОЦИЈАЛНИ ПРАВА




На 17 ноември 2022 година ЕУ ја одбележа петтата годишнина од Европскиот столб за социјални права на првиот Европски форум за вработување и социјални права, правејќи преглед на постигнатиот напредок и гледајќи напред кон она што следува.

Поминаа пет години по прогласувањето на Европскиот столб за социјални права на Социјалниот самит во Гетеборг во 2017 година од страна на Европскиот парламент, Советот и Комисијата. Оттогаш, оваа заложба беше реафирмирана на Социјалниот самит во Порто во 2021 година од лидерите на ЕУ, социјалните партнери и од граѓанските организации. Комисијата поднесе повеќе од 130 иницијативи за спроведување на столбот во земјите-членки и за обезбедување социјална Европа која е фер, инклузивна и полна со можности.

Овие иницијативи се движат од транспарентност на платите и еднаквост меѓу жените и мажите, минимални плати и инвестиции во вештини, до борба против детската сиромаштија, минимален приход и заштита на безбедноста и здравјето на работниците.

По силното социоекономско закрепнување од пандемијата КОВИД-19, принципите на столбот остануваат многу релевантни во сегашниот контекст, каде што многу домаќинства се борат да врзат крај со крај, соочени со зголемените цени, што се влошени со руската инвазија на Украина.

Европскиот парламент, Советот и Комисијата го прогласија Европскиот столб за социјални права на Социјалниот самит во Гетеборг, Шведска, на 17 ноември 2017 година. Столбот поставува 20 водечки права и принципи за силна социјална Европа во 21 век, што е фер, инклузивна и полна со можности.

https://ec.europa.eu

## КАКО СЕ КОРИСТЕШЕ ИНТЕРНЕТОТ ВО 2021 ГОДИНА

Во 2021 година околу 67% од популацијата на ЕУ (од 16 до 74 години) купувале/нарачувале стоки или услуги преку интернет во текот на 12 месеци пред истражувањето. Овој удел достигна врв од 93% во три холандски региони (Дренте, Утрехт и Зеланд).
Околу 58% од населението на ЕУ користело интернет за банкарство во текот на трите месеци пред истражувањето. Најмалку 90% од луѓето користеле интернет-банкарство во секој регион на Данска, Финска, како и во 8 од 12 региони во Холандија. Регионот на финскиот главен град Хелсинки-Усимаа имаше најголем удел во интернет-банкарството (96%). Секој регион на Бугарија и Романија (освен главниот град Југозападен и Букурешти-Илфов) пријави помалку од една четвртина од сите луѓе кои користат интернет банкарство; ова беше случај и со Кентрики ,Елада, во централна Грција.
Една од најчестите активности на интернет беше учеството во социјалните мрежи, на пример користењето Фејсбук, Инстаграм, Тик Ток или Твитер. Во 2021 година близу три петтини (57%) од населението на ЕУ учествуваше на социјалните мрежи во текот на трите месеци пред последното истражување. Стапката на учество за младите на возраст од 16 до 29 години (83%) беше речиси четири пати повисока од соодветната стапка за постарите луѓе на возраст од 65 до74 години (23%).

https://ec.europa.eu




## ДОНЕСЕНИ ЗАКОНИ ВО НОЕМВРИ 2022 ГОДИНА

1. Закон за рафикација на Рамковната спогодба за финансиско партнерство помеѓу Европската комисија и РСМ застапувана од Владата на РСМ за посебните постапки за спроведување на финансиска помош од Унијата за РСМ според Инструментот за претпритапна помош (ИПА III),
2. *Закон за изменување и дополнување на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја,
3. *Закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика, *по скратена постапка*
4. *Закон за заштита на потрошувачите, *по скратена постапка*
5. *Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета,
6. *Закон за паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство.

***ЕУ КАЛЕНДАР / декември 2022***

1. *Самит ЕУ-Западен Балкан, 612/2022, Тирана, Албанија;*
2. *Конференција за 30-годишнината од единствениот пазар, 7/12/2022, Прага, Чешка;*
3. *Состанок на Советот за општи работи, 18/11/2022, Брисел, Белгија;*
4. *Пленарна сесија на Европскиот парламент, 12-15/12/2022, Стразбург.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: „11 Октомври“ бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414
Факс: +389 2 3 182 277
Е-пошта: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот", во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*
*Во рамките на ИПА проектот беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување ЕУ центар во Собранието.*
*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*
*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции и следење на евроинтеграциите.*
*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




